Maksim Gorki 14/1-1
1000 Skopje
Macedonia

t. +389 2 3213 513
f. +389 2 3213 622
email: ccc@mt.net.mk

Center for Civil Communications

Скопје, 31 август, 2006 година

Извештај од Истражувањето на корупцијата во здравството

## Продлабочување на корупцијата

Здравствениот сектор во Република Македонија е сериозно загрозен од разни облици на корупција кои се одвиваат во два сегмента: корупција во набавките на лекови, медицински материјали и опрема и корупција при давањето на здравствените услуги. Ова значи дека личен интерес на штета на граѓаните се остварува во сите сфери на јавното здравство.

Истражувањето покажа дека широкиот простор за злоупотреба во здравствениот сектор главно е овозможен поради: непостоењето на јасни процедури за набавките, исклучително слабата контрола на трошењето на парите на здравствените корисници, злоупотребата на позицијата дека станува збор за здравје и за човечки живот, како и големата солидарност меѓу лекарите и прикривањето на корупцијата гледајќи на неа како компензација за ниските плати наспроти високата стручност. Голем придонес во продлабочувањето на корупцијата во овој сектор има и отсуството на одговорност за направените злоупотреби.

Набавки на лекови и медицински материјали по цени повисоки од реалните, прилагодување на бодувањата на тендерите во прилог на фаворизирани добавувачи, набавки на многу поголеми количини од потребните заради остварување провизија, набавки без тендери, неводење материјална евиденција кај многу здравствени установи, вештачко креирање на потреба за интервентни набавки за да се одбегнат тендерите, како и другите форми на злоупотреби им овозможуваат на компетентни извори од здравствениот сектор да проценат дека предмет на злоупотреба се значителен дел од парите во јавниот здравствен сектор каде годишно се трошат околу 250 милиони евра.

Кај давањето на здравствените услуги пак, алармантен е фактот што речиси сите го потврдуваат постоењето дури и на тарифници за висината на поткупот во зависност од видот на услугата и стручноста на лекарот. Така поединечните суми се движат од стотина до неколку

илјади евра кои граѓаните ги плаќаат подготвени на се, бидејќи станува збор за човечки животи во рацете на лекарите. Ваквата „наметната" взаемна корист оневозможува пациентите подоцна да ги пријавуваат случаите на корупција, бидејќи и самите станале дел од неа.

**Форми на корупција при набавките на лекови, медицински материјали и опрема**

Истражувањето покажа дека главен генератор на корупцијата при јавните набавки на лековите, медицинските материјали и опремата е можноста секој што набавува самостојно да ги одредува критериумите за избор на најповолен понудувач. Имено, секоја комисија за јавна набавка во одделните здравствени институции сама одредува кои критериуми носат најмногу бодови, што остава простор да ги прилагодат критериумите според конкурентската предност што ја има фаворизираната фирма пред другите добавувачи. Оваа форма на корупција се смета за најчесто користена бидејќи набавките формално се спроведени според пропишаните процедури за јавни набавки.

Случаите на набавка на лекови, материјали и опрема според многу повисоки цени од реалните на пазарот, ги овозможуваат одложувањето на целосната примена на системот на референтни цени, злоупотребата на позицијата на ексклузивно право на продажба што ја имаат одредени добавувачи и свесно ненавремено планирање на набавките за да се создаде потреба од интервентна набавка по пат на директно договарање.

Немањето на прецизна материјална евиденција кај одделни здравствени установи за потрошените лекови и залихите, како и неусогласеноста на постојната евиденција меѓу фондот и установите остава широк простор за набавка на лекови над реално потребните количини. Се проценува дека мотивот за набавка на поголеми количини е добивањето на провизија од добавувачите.

Освен при интервентните набавки и во случаите кога има по еден ексклузивен добавувач, истражувањето покажа дека се присутни и набавки на лекови и материјали без спроведен јавен тендер и кога е тоа законски потребно. Имено, се продолжува со набавки од одреден добавувач иако договорот со него е истечен и временски и количински. Во одредени случаи, здравствените установи одбегнуваат набавка преку јавен тендер, така што потребните лекови ги набавуваат во неколкукратни, помали количини во износи под 3000 евра за коишто нема законска обврска за јавен тендер.

Терен за корупција во здравствениот сектор отвора и немањето логично објаснување зошто на едни здравствени установи им се префрлаат повеќе, а на други помалку пари од износите предвидени со

буџетот, како и немањето критериуми за редоследот на исплата на заостанатите обрски кон добавувачите на лекови и медицински материјали.

### Форми на корупција при давањето на здравствени услуги

Истражувањето покажа дека е веќе јавна тајна кој лекар колкава „благодарност" прима од пациентите за сочуваното здравје и спасениот живот. Колку што е постручен лекарот и посложена здравствената интервенција, толку е поголема и сумата што се плаќа за возврат.

Состојбата на немање на болнички капацитет и лекови сразмерно на потребите, создава простор секоја итна услуга дополнително да се наплати. Ова е случај кога преку ред се вршат разни снимања, прегледи и операции и се добиваат болнички кревети, при што се инволвираат не само лекари туку и друг медицински и административен персонал.

Одредени лекари ја користат ваквата состојба за да ги упатуваат пациентите од јавното здравство кон приватните ординации кадешто тие работат попладне или во своето слободно време. Иако овде не станува збор за директна форма на корупција, сепак доверената позиција на државна сметка се користи се остварување на лична корист. На овој начин, јавните здравствени установи се користат како место за регрутација на пациенти за приватните ординации и клиники.

Во одредени случаи, станува збор за корупција и кога лекарите ги упатуват пациентите или да купат одреден лек или да го купат од одредено место бидејќи со тоа добиваат провизија од добавувачот или аптеката.

Поврзаност меѓу лекарите и добавувачите за остварување на лична корист постои и во случаи кога одредени лекари навреме ги информираат добавувачите за тоа кои лекови и медицински материјали недостигаат и наскоро ќе се набавуваат за да можат добавувачите навреме да се подготват и да бидат поконкурентни на тендерите.

Злоупотребувајќи ја немоќта на јавните установи да се грижат за континуираното усовршување на кадарот, добавувачите го спонзорираат присуството на лекарите на конгреси и семинари со што си ја подобруваат својата позиција и ја зголемуваат наклоноста кон нивните производи.

### Препораки за намалување на корупцијата

Со оглед на високиот износ на пари кои се трошат за набавка на лекови, медицински материјали и опрема, неопходно е да се засилат

контролите и внатрешната ревизијата во Фондот за здравство и во здравствените установи и да се дефинираат механизми за зголемување на транспарентноста, одговорноста и отчетноста во јавните набавки.

Истражувањето покажа дека сериозен простор за корупција се отвора со отсуството на прецизна материјална евиденција на лековите и медицинските материјали. Затоа се смета дека креирање на единствен сметководствен систем ќе влијае на подобрување на контролата, а со тоа и на намалување на просторот за злоупотреби и корупција.

Исто така како на сериозен инструмент за намалување на корупцијата се гледа и во практичното профункционирање на системот на референтни цени. Тоа би овозможило целосно препуштање на набавките на здравствените установи, а улогата на Фондот за здравство би била во формирањето на референтните цени.

Голем број од учесниците во ова истражување, повикувајќи се на позитивното искуство на Словенија, ја посочуваат потребата од формирање на Собрание на корисници при Фондот за здравство како начин за посилна контрола и за зголемување на ефикасноста во трошењето на парите на здравствени осигуреници.

Во сегментот на корупцијата при давањето на здравствените услуги, како особено значајно се смета зголемувањето на улогата на Лекарската комора која во интерес и заштита не само на пациентите, туку и на лекарската професија треба да ги засили контролните механизми.

Се проценува дека можноста за злоупотреба би се намалила и со воведување на протоколи за лекување на дијагнозите со кои се пропишуваат генериките на лекови со кои се лекуваат одредените болести. Така ќе се воведе ред во препишувањето на лекови и ќе се оневозможи фаворизирање на скапите лекови во интерес на добавувачите. Во оваа насока се предлага и воведување на механизмот на стручен надзор врз работата на лекарите.